# Ц И Ц О

# VIII. РАЦИНОВИ СРЕДБИ

ТИТОВ ВЕЛЕС

9 — 12 ноември

хол на општинското собрание

МАКЕДОНСКИТЕ ПИСАТЕЛИ
ВО КАРИКАТУРИТЕ НА
**ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ — ЦИЦО**

Најраното детство, младоста и зрелите години на василије поповиќ — цицо поврзани се со тлото на македонија, на кое останал сè до својата смрт во 1961. целокупното негово творештво е составен дел на современата македонска уметност во периодот помеѓу двете војни и нејзиниот развиток после војната. како сценограф во скопскиот театар уште од 1939. цицо, заедно со уште неколцина други уметници ги постави основите на македонската современа сценографија. доби повеќе награди за успешно изведени сценографски поставки на сцената на македонскиот народен театар (меѓу другите и октомвриска награда за лоркината ,,крвава свадба" во 1962.)
покрај сценографија и сликарство во техника на акварелот, најголемиот дел од уметничкиот опус на василије поповиќ — цицо му припаѓа на карикатурата. вистински родоначалник на македонската современа карикатура, цицо првите остварувања во оваа дисциплина ги реализирал уште во периодот помеѓу двете војни. сочувани се негови карикатури и од времето на нб. меѓутоа, посебно значајни се карикатурите кои ги создаваше кон средината на овој век, кога се појави како вистински регистратор на сите поважни настани и личности од културниот живот во македонија. на неговото остро и проникливо око не му избегнуваше скоро ниедна дејност на општествениот живот. скоро непостоеше личност која во животот на театарската и филмската уметност да не значеше нешто, а да не беше предмет на вниманието на цицо. со смисла. за мера, останувајќи во границите на реалистичкиот третман, со блага деформација на ликот и диспропорција, која понекогаш преминува во гротеска, цицо создаде цела галерија карикатури на наши истакнати културни работници. посебно заинтересиран за литературата, движејќи се постојано во круговите на македонските писатели и поети, цицо имаше можност детално да ги запознае. вонреден опсерватор, тој ги забележуваше и најситните човечки слабости и карактерни особини. ни остави во наследство повеќе од десетина карикатури на наши литературни работници.
работени пред повеќе од една деценија, тие и денес ја задржале својата свежина на дела создавани ненаметливо и искрено и значат една автентична хроника за приликите и личностите во македонскиот литературен живот во средината на дваесеттиот век. нивната голема документарна вредност е неоспорна. при градењето на ликовите кај цицо е примарен цртачкиот елемент, изведен најчесто со молив и туш, а свежината, експресијата и непосредноста ја добиваат и со примена на акварелната техника, што придонесува неговите карикатури да добијат и свои одредени ликовни вредности.
со творештвото на цицо досега сме имале можност поцелосно да се сретнеме на неколку ликовни изложби: во 1963, на неговата комеморативна изложба, во 1967, на изложбата ,,современа македонска уметност меѓу двете војни" и во 1971, на самостојната изложба во музејот на современата уметност во скопје во рамките на VIII. средби на солидарноста и меѓународната изложба на карикатури.
изложбата на цицо на рациновите средби оваа година со потесно определена тематска насоченост кон ликови од областа на литературата, значи уште едно среќавање со творбите на цицо собрани на едно место, секогаш актуелни, блиски и драги.

љубица дамјановска





## ВАСИЛИЈЕ ПОПОВИЌ — ЦИЦО

роден 1914 во скадар (црна гора). завршил уметничка школа во белград 1938. умрел во скопје 1962.

**самостојни изложби:**

1957 — скопје

1963 — скопје, (комеморативна изложба)

1971 — скопје, (во составот на третата светска галерија на карикатури)

**групни изложби:**

1939 — скопје, изложба по повод 10-годишнината на „јефимија"

1959 — скопје, „мартиноски, владимирски, тодоровски, поповиќ — цицо костовски"

1960 — скопје, „македонски пејзаж"

1962 — скопје, „скопје низ ликовни дела"

1964 — штип, „современа македонска уметност"

1967 — скопје, „современата македонска уметност меѓу две војни"
скопје, „аспекти на цртежот во македонија"
скопје, „македонски акварел"

1969 — скопје, „скопје низ ликовни дела"

исто така учествувал на сите изложби на длум во земјата од 1954—1960

**награди:**

награда на владата на нр македонија — скопје, 1947

златна арена за сценографија во филмот „мис стон" — пула, 1959

октомвриска награда за политичка карикатура — скопје, 1960

октомвриска награда за сценографија на лоркината „крвава свадба" — скопје, 1962

## К А Т А Л О Г

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „РАЗГЛЕДИ“ — „ХОРИЗОНТ“ | темпера на картон | 68 × 49 | 1954 |
| 2. | ГРУПНА КАРИКАТУРА | темпера на картон | 62 × 46 | 1954 |
| 3. | РИСТО КРЛЕ | темпера на картон | 35 × 31 | 1954 |
| 4. | МИТКО ЗАФИРОВСКИ | темпера на картон | 22 × 27 | 1955 |
| 5. | НОВОГОДИШНА ЕЛКА | темпера на картон | 50 × 36 | 1955 |
| 6. | ВОЛЧЕ НАУМОВСКИ | темпера на картон | 23 × 34 | 1957 |
| 7. | ДИМИТАР МИТРЕВ | темпера на картон | 23 × 29 | 1958 |
| 8. | ГРУПНА КАРИКАТУРА | темпера на картон | 52 × 40 | 1958 |
| 9. | ГАНЕ ТОДОРОВСКИ | темпера на картон | 23 × 23 | 1959 |
| 10. | МАТЕЈА МАТЕВСКИ | темпера на картон | 25 × 35 | 1959 |
| 11. | ЃОРЃИ АБАЏИЕВ | темпера на картон | 23 × 34 | 1959 |
| 12. | АЦО ШОПОВ | темпера на картон | 22 × 28 | 1959 |
| 13. | АЦО АЛЕКСИЕВ | темпера на картон | 33 × 37 | 1959 |
| 14. | БРАНКО ВАРОШЛИЈА | темпера на картон | 29 × 37 | 1959 |
| 15. | ЈОРДАН ЛЕОВ | темпера на картон | 30 × 37 | 1959 |
| 16. | ДИМИТАР СОЛЕВ | темпера на картон | 26 × 36 | 1959 |
| 17. | ГОГО ИВАНОВСКИ | темпера на картон | 25 × 36 | 1959 |
| 18. | ТОМЕ АРСОВСКИ | темпера на картон | 29 × 36 | 1959 |
| 19. | МИЛАН ЃУРЧИНОВ | темпера на картон | 26 × 36 | 1960 |

издавач: рацинови средби — титов велес
реализација на изложбата и каталог: слободанка парлиќ
предговор: љубица дамјановска
графичко решение на каталогот: димитар данаилов
печатница: графички завод „гоце делчев" — скопје
тораж: 500

ПЕЧАТЕНО ВО ГРАФИЧКИОТ ЗАВОД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" — СКОПЈЕ